**20141665146**

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

**У К А З**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА УГОСТИТЕЛСКА ДЕЈНОСТ**

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за угостителска дејност,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 10 ноември 2014 година.

Бр. 07– 4218/1
10 ноември 2014 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
д-р **Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

**ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА УГОСТИТЕЛСКА ДЕЈНОСТ**

Член 1

Во Законот за угостителска дејност („Службен весник на Република Македонија'' број 62/2004, 89/2008, 115/10, 53/11, 141/12, 164/13 и 187/13) во членот 23 став 1 во точката 2 сврзникот „и" по зборот „аеродроми" се заменува со запирка, а по зборовите: „железнички станици" се додаваат зборовите: „и бензински пумпи''.

Член 2

Во членот 67-а став 1 во воведната реченица зборовите „3.000 до 6.000" се заменуваат со бројот „200".

Член 3

Се овластува Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на Законот за угостителска дејност.

Член 4

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".